РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2261/4
10.06.2026 година / vili
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 21. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 1.6.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Јетон Исмаили, Маја дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 21. седница на Советот. Седницата почна во 11:05 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување Предлог-записник од 20. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.5.2026 година.
2. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје.
3. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од Петар Џуровски, го усвои Записникот од 20. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.5.2026 година, со текст како што беше предложен.

Точка 2

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предлогот за донесување Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје. Тој информираше дека, по отпочнувањето на постапката, радиодифузерот во целост го подмирил годишниот надоместок за дозволата во износ од 4.029.334,00 денари. Со оглед на тоа што обврската е целосно исполнета, а согласно одредбите од Законот, се предлага постапката за одземање на дозволата да се запре.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје, УП1 бр.08-778 од 7.9.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-2151/2 од 27.5.2026г., ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје, го плати во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, согласно ф-ра бр.2026-100-0129 од 9.4.2026 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за услуга – поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа. Тој истакна дека проблемите со функционирањето на лифтовите и понатаму продолжуваат, поради што е неопходно навремено да се обезбеди нов економски оператор за нивно одржување. Воедно, информираше дека со досегашниот економскиот оператор е потпишана спогодба за раскинување на договорот за одржување и поправка на лифтовите. Од тие причини, се предлага спроведување нова постапка за јавна набавка, со очекување дека во законски утврдениот рок ќе биде избран економски оператор кој ќе обезбеди квалитетно и континуирано одржување на лифтовите и платформата, со што ќе се надминат досегашните проблеми во нивното функционирање.

Претседателот на Советот, Сашо Стефановски, се согласи дека состојбата со лифтовите и платформата е сериозна и бара итно постапување. Тој посочи дека и платформата на денот на одржување на седницата не била во функција, што дополнително ја потврдува потребата од неодложно решавање на проблемот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-услуга: поправка, сервисирање и одржување на лифтови и платформа, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст) бр.05-2219/1 од 22.5.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Точка 4

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**